Република Македонија
Универзитет “ С.ци Кирил и Методиј “
Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје

# ЦЕНТАР
## ЗА ИНЖЕНЕРСКА МАТЕМАТИКА
## (ЦИМ)

# Извештај

## за одржаниот 8 Македонски Симпозиум по диференцијални равенки

Врз основа на одлука на Деканот на ЕТФ бр. 03-1740/1 од 16.07.2004 година и одлуката на Раководителот на ЦИМ во организација на Центарот за инженерска математика при Електротехничкиот факултет, од 30.09. до 3.10. 2004 година во Охрид се одржа 8 Македонски Симпозиум по диференцијални равенки.

Симпозиумот го отвори претседателот на Организацискиот одбор проф. д-р Боро Пиперевски. Во својот уводен дел претседателот направи ретроспектива на досега одржаните Македонски Симпозиуми по диференцијални равенки и посебно го истакна фактот што на нив беа промовирани идеи и резултати врз основа на кои се одбранети повеќе докторати и магистратури.

На секој учесник му беа доделени следните материјали:

- Програма за работа на Симпозиумот,
- Зборник апстракти,
- Зборник на трудови,
- Потврда за уплатена котизација,
- Потврда за прифатен труд,
- Сертификат за презентиран труд.

Симпозиумот работеше во четири сесии. Учесниците своите излагања ги презентираа со фолии преку графоскоп. Меѓу учесниците имаше двајца дебитанти кои за прв пат имаа јавна презентација која беше реализирана доста успешно. Скоро после секоја презентација имаше и кратки дискусии и

коментари од останатите учесници. Според програмата за работа на Симпозиумот во недела предпладне се одржа трибина за диференцијалните равенки на која зедоа учество повеќе дискутанти. При тоа беше нагласена успешноста на Симпозиумот и задоволството што преку изнесените 19 научни соопштенија можеше да се констатира напредокот на научната мисла во областа на диференцијалните равенки. Беа нагласени повеќе правци на работа: егзистенција и конструкција на полиномни и тригонометриски решенија на диференцијални равенки, диференцијални равенки на Векуа во комплексна област, контурни проблеми, интеграбилност и редуктибилност на диференцијални равенки како и негување на примената на диференцијалните равенки во техниката. Општа констатација на сите учесници беше дека Симпозиумот беше мошне успешно организиран и беше заклучено и понатаму да се негува традицијата за понатамошно негово одржување.

Во петок од страна на организаторот беше организирана еднодневна екскурзија и беше посетен комплексот Св. Наум. Во комплексот со кајче учесниците имаа пријатна можност да ги обиколат изворите на Црн Дрим. Потоа беше приреден ручек во самиот хотел Св.Наум. Дел од учесниците враќањето во Охрид го искористија и за посета на Билјанините извори.

Во недела претпладне од страна на организаторот беше организирана кратка посета со бродче низ езерото која заврши на Св. Канео од каде беше посетен и историскиот комплекс Плаошник. За сето време секретарот на Симпозиумот Елена Хаџиева ги истакнуваше знаменитостите на Охрид.

На крај на свечениот ручек во недела од страна на организаторот беа доделени слики икони на доаените на овие Симпозиуми проф. д-р Илија Шапкарев и проф. д-р Драган Димитровски, како и на учесникот од Р. Бугарија проф. д-р Тонко Тонков. Исто така слики икони беа доделени и на дебитантите презентери Слаѓана Брсакоска, Соња Чаламани и Соња Манчевска.

Убавото време го следеше целиот тек на Симпозиумот и учесниците имаа ретка прилика максимално да го искористат секој слободен момент во прошетка покрај брегот на Охридското езеро во придружба најчесто со убавите охридски лебеди.

Септември 2005 година

Претседател на Организациskiот одбор

Проф. Д-р Боро Пиперевски